СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пата неделно. — Ракописите не се вракјаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Уторак, 30 октомври 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 84 ГОД. I

Цената на овој број е 6.— дин. — Претплата за второто полугодиште 1945 год. дин. 350.— Редакцијата: Бранкова бр. 20. — Телефон 28-838

**799.**

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховно законодателно и извршно народно преставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основаније Резолуцијата од 10 август 1945 година за променуење називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за народна одбрана, Претседателство на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југолавија донесуе

### ЗАКОН

### ЗА ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА НА НАЈМЛАДИТЕ ГОДИШТА И ДРУГИ ПАРТИИ ПОСТАРИ ГОДИШТА НА ОБВЕЗНИЦИ, ХРАНИТЕЛИ И СИТЕ ЖЕНИ ОД ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА И МОРНАРИЦА

Член 1

Од Југословенската армија и морнарица имаат да се отпуштат:

А) Веднага по објавуењето на овој Закон па до 15 ноември 1945 година:

1. — сите борци родени 1928 година и помлади;

2. — подофицери и офицери родени 1928 година и помлади, воколку се ученици на средни и на нив рамни школа, а сакаат да бидат отпуштени поради продолжуење школуењето.

На лицата под 1. и 2. да се засмета времето проведено во Југословенска армија и морнарица во време на служење обавезниот воен рок кој ке биде накнадно законски предвииден со това, да разликата, воколку биде постојала, надослужат кога ке биде регрутуено нивното годиште.

Б) Во време од 15 ноември до 31 декември 1945 година:

1. — сите борци и подофицери родени 1919 година и постари;

2. — сите жени (борци, подофицери и офицери);

3. — оние офицери, чието демобилисуење го дозволуат потребите на службата.

Член 2

Од одредбите под чл. 1 се исклучуат, и това:

а) специјалисти (машки и жени), кои се во Југословенската армија и морнарица неопходно потребни а несе хранители со това, да се оние, кои служеле во Југословенската армија и морнарица две години и повише, преведат во работници со соодветна плата;

б) лица (машки и женски) кои сакаат да останат во Југословенската армија и морнарица, а оценети се да имаат услови за полезно вршење извесни воени должности;

в) сите лица, кои се на служба во Корпусот на Народната одбрана на Југославија.

Член 3

На демобилисаните по овој Закон имаат во се да се применат одредбите на чл. 3, 4, 5, 6, 7 и 8 Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенска армија и морнарица од 19 јули 1945 година.

Член 4

Одредбите на чл. 3, 4, 5, 6, 7 и 8 Законот за демобилизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија и морнарица од 19 јули 1945 година имаат да се применат на подолу наведените обвезници борци и раководители, без обзир на години на старост, кои се отпуштаат од Југословенската армија и морнарица, и това:

а) времено и постојано неспособни за војна служба;

б) странски државјани, кои се репатрираат во нивната татковнина;

в) лицата отпуштени по нарегјењата на Министерството за народна одбрана како неопходни стручњаци за обновуење земјата.

Одредбите на овој член се односат и на лица означени под а), б) и в), кои се отпуштени од Југословенската армија и морнарица во време од 1 мај 1945 година до објавуењето на овој Закон.

Член 5

Чл. 2 на Законот за демоблизација постарите годишта на обвезници, жени и хранители во Југословенската армија и морнарица од 19 јули 1945 година има и понатака да се применуе.

Начин и рок на подносуењето молби за признавање хранителовата погодност како и за отпуштање обвезници хранители, ке пропише Министерот за народна одбрана.

Член 6

Поблиски одредби за спроводуење овој Закон ке пропише Министерот за народна одбрана.

Член 7

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 октомври 1945 година
Београд

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

## 800.

На основание членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно преставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за промена називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за народна одбрана, Претседателството на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

### ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУЕЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА ПОСТАРИТЕ ГОДИШТА НА ОБВЕЗНИЦИ, ЖЕНИ И ХРАНИТЕЛИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА И МОРНАРИЦА ОД 19 ЈУЛИ 1945 ГОДИНА

Член 1

Во чл. 2 на Законот на крајот да се додаде нов став кој да гласи:

„Во неспособни задругари или членови на фамилија се сметат уште и оние лица, без обзир на години старост који ке бидат на специјален војни лекарски преглед отценети за неспособни за работа и привредуење. Жена со две или повекје деца, који уште не навршиле 10 години старост се смета такугјере во неспособни задругари, без обзир на нејните години на живот".

Член 2

Во чл. 4 точ. а) се мења и гласи: „На офицерите који стапиле во Југословенската армија 1941 и 1942 година, при демобилизацијата ке се исплати сума во износ на четвороструки месечни принадлежности на последниот положај кој го завземале во ЈА. На офицерите који стапиле во ЈА 1943 година ке се исплати сума во износ на троструки месечни принадлежности, а кои стапиле 1944 годана до заклучно 15 септември, сума во износ на двоструки месечни принадлежности на поледниот положај кој го завземале во ЈА".

Точ. б) на чл. 4 се мења и гласи:

„На подофицерите кои се навогјат во ЈА од 1941 и 1942 година ке се исплати при демобилизацијата Дин. 10.000.—, на подофицерите од 1943 година Дин. 5.000.—, а на подофицерите кои стапиле во Армијата до заклучно 15 септември 1944 година Дин. 2.500.— На борците кои се навогјат во ЈА од 1941 и 1942 година при демобилизацијата ке се исплати Дин. 8.000.—, на борците од 1943 година Дин. 3.000.—, а на борците кои стапиле во Армијата до заклучно 15 септемврии 1944 година Дин. 1.500.—".

Точ. в) на чл. 4 се мења и гласи:

„На борците, подофицерите и офицерите кои стапиле во Армијата после 15 септември 1944 година, на име патни трошок ке се исплати Дин. 500.—, а на оние кои стапиле 1945 година на име патни трошок Дин. 250.—".

Се додава нова точ. г) која гласи:

„Право на ползуење на оваа помокј немат оние офицери кои од војската се демобилизират на сакање на државните институции, заради превзимање одредени функции во државниот апарат, кои им се векје унапред обезбедени".

Член 3

Овие измени и дополнуења несе односујат на порано регулираните случаи.

Член 4

Овој Закон стапуе на снага кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 октомври 1945 година
Београд

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

## 801.

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховно законодателно и извршно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година, за променуење називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за просвета, Претседателството на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

### ЗАКОН

### ЗА СЕДМОГОДИШНО ОСНОВНО ШКОЛУЕЊЕ

Член 1

На територијата на Демократска Федеративна Југославија се уведуе седмогодишно основно школуење за сите деца на обата пола.

Училишното задолжение почнуе со 7-та година и трае до 15 години старост.

Член 2

Народни скупштини (Векја, Сабор, Свет, Собрание) ке донесат закони за остваруење одредбите на овој Закон.

Член 3

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 октомври 1945 година
Београд

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**М. Перуничиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

**802.**

На основание на членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховно законодателно и извршно преставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за променуење називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за просвета, Претседателство на Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

## ЗАКОН
## ЗА УКИНУЕЊЕ ГРАГЈАНСКИ УЧИЛИШТА

Член 1

Грагјанските училишта се укинуат.

Член 2

Десегашните грагјански училишта во местата каде нема гимназии се претворуат во нижи гимназии.

Член 3

Министерствата за просвета на федералните единици ке го споредат веднага овој Закон на своето подручје.

Член 4

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 октомври 1945 година
Београд

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**М. Перуничић**, с. р.

Претседател,
др. **Иван Рибар**, с. р.

---

**803.**

## УРЕДБА
## ЗА ОДРЕДУЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ЦЕНИ

I

**Општа организација**

Член 1

Сите права и овластуења од Уредбата за регулирање цени, како и други прописи за определуење цени и контрола на цени, дадени на сојузното Министерство за трговија и снабдуење, се пренесуат на Стопанскиот совет на сојузната влада.

Член 2

При Стопанскиот совет на сојузната влада се основуе сојузен Уред за цени како технички орган на Комисијата за политика на цени и надници. Директорот на сојузниот Уред за цени е истовремено член на Комисијата за политика на цени и надници при Стопанскиот совет на сојузната влада.

Член 3

При претседателствата на земските влади се основуат земски уреди за цени кои ке работат по Напатствиата на Комисијата за политика на цени и надници на односниот сојузен Уред за цени.

Земските уреди за цени стојат во дисциплински и хијерархијски поглед под Претседателството на земската влада а стручниот надзор над нивната работа ке го врши Стопанскиот совет на сојузната влада (Комисија за политика на цени и надници односно сојузен Уред за цени).

Член 4

Сојузните и земски производни министерства ке востановат при секое стручно оделение односно отсек, реферат за цени.

Во поглед определуење цени, стручните оделенија односно отсеци на сојузните (земски) производни министерства ке работат по Напатствијата за политика на цени и надници.

II

**Поделба надлежностите и постапка кај одредуење цени**

Член 5

Претседателот на Стопанскиот совет на сојузната влада на предлог на Комисијата за политика на цени и надници, ке донесе Решение за поделба надлежностите помегју сојузните и земски органи кај одредуење и контрола на цени.

Член 6*

За одредуење цени на произведенија кои спагјат во надлежност на сојузните органи за одредуење цени, претпријатијата ке се обракјат со предлози односно калкулации на надлежните референти за цени кај стручните оделенија на сојузните производни Министерства.

Стручните оделенија ке достават, по прегледот, тие предлози односно калкулации со своето мнение на сојузниот Уред за цени

За одредуење цени на произведенија кои спагјат во надлежност на земските органи за одредуење цени претпријатијата ке се обракјат со предлози односно калкулации на надлежните референти за цени кај стручните оделенија односно отсеци на земските производни министерства.

Стручните оделенија (отсеци) на земските производни министерства ке достават, по прегледот, тие предлози односно калкулации со свое мнение на земските уреди за цени.

Член 7

Сојузниот Уред за цени предлозите односно калкулациите кои ке ги добие, во смисал на ст. 2 чл. 6 оваа Уредба ке ги прегледа, проучи, евидентира и донесе соодветно решение.

Земските уреди за цени предлозите односно калкулациите кои ке ги добијат во смисал на ст. 4 чл. 6 оваа Уредба ке ги прегледат, проучат, евидентират и донесат соодветно решение.

Преписот на секое Решение земските уреди за цени должни се да го достават на сојузниот Уред за цени.

Член 8

Окружните, околиските (котарски) и градските народни одбори ке донесат решение за цени во рамка на надлежноста која ке ги ја одредат земските уреди за цени, а по напатствијата на Комисијата за политика на цени и надници.

III

**Контрола**

Член 9

Сојузниот Уред за цени ке врши ревизија на решенијата на земските уреди за цени, ако се тие решенија во противност со напатствијата на Комисијата за политика на цени и надници во поглед определуење и контрола на цени.

Сојузниот Уред за цени ке препорача на земските уреди за цени ревизија на нивните решенија, во колку таквaa мерка е потребна поради координација односно егализација не цените или во опште поради спроводуење определената политика на цени.

Член 10

Стопанскиот совет на сојузната влада има право на надзор над работата на сите органи за определуење и контрола на цени на територијата на Демократска Федеративна Југославија.

Сите сојузни и земски министерства, надлештва, уреди, институти и други институции должни се на сакањето на сојузниот Уред за цени да достават на тој Уред сите податци во поглед на цени, нивното движење и нивната контрола.

IV

**Прелазни одредби**

Член 11

Управата за цени при сојузното Министерство за трговија и снабдуење, како и оделенијата за цени при земските министерства за трговија и снабдуење се укинуат.

Лични и материјални кредити предвидени во буџетот на сојузното Министерство за трговија и снабдуење за Управа за цени, како и сите предмети во нејната сопственост, се ставаат на расположение на Стопанскиот совет на сојузната влада за потреби на сојузниот Уред за цени.

Лични и материјални кредити предвидени во буџетот на поедините земски министерства за трговија и снабдуење за оделениа за цени, ке се стават на расположение на претседателствата на народните влади на соодветните федерални единици за земските уреди за цени.

V

**Завршни одредби**

Член 12

Устројството на сојузниот Уред за цени ке биде пропишано со правилник од Претседателот на Стопанскиот совет на сојузната влада на предлог на Комисијата за политика за цени и надници. Устројство на земските уреди за цени ке биде пропишано со правилници од претседателствата на владите на федералните единици со претходна согласност на Претседателот на Стопанскиот совет на сојузната влада.

Член 13

Претседателството на народната влада на Србија ке донесе решение за устројство и надлежноста за одредуење и контрола во поглед на одредуење и контрола на цените во Аутономна Војводина и Косово и Метохија, а во духот на оваа Уредба.

Член 14

Сите сојузни и земски стопански министерства се должни да одмах организират реферати за цени при стручните оделенија односно отсеците како би се што побргу оспособиле за вршење на задатците кои се пропишани со оваја Уредба.

Сојузниот уред за цени ке се организира одмах, користејќи го стручниот и техничкиот персонал на бившата Управа за цени.

Земските уреди за цени ке се формират и оспособат за работа користејќи се првенствено со стручниот и помоќниот персонал на оделенијата за цени на земските министерства за трговија и снабдуење.

Член 15

Обавезни тумачења на оваја Уредба, како и на сите порани прописи кои се односуат на одредуење и контрола на цени, ке доносуе, на предлог на Комисијата за политика на цени и надници, Претседателот на Стопанскиот совет на сојузната влада.

Претседателот на Стопанскиот совет на сојузната влада ке донесе сите прописи потребни за извршуење на оваа Уредба.

Член 16

Со денот на стапуење на сила на оваа Уредба престануват да важат сите прописи кои се во супротност со неја.

Оваа Уредба влегуе во сила со денот кога ке се објави во „Службениот лист".

К. бр. 1131
24 октомври 1945 година
Београд

Претседател на Министерскиот совет,
Маршал на Југославија,
**Јосип Броз-Тито,** с. р.

Претседател на Стопанскиот совет,
**А. Хебранг,** с. р.

---

**804.**

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОДЕЛБА НАДЛЕЖНОСТА ПОМЕЃУ СОЈУЗНИТЕ И ЗЕМСКИ ОРГАНИ КАЈ ОПРЕДЕЛУЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ЦЕНИ

Во врска со Решението за определуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42), на основание чл. 5 Уредбата за определуење и контрола на цени а на предлог на Комисијата за политика на цени и надници

решуам:

1) Во надлежност на сојузните органи за определуење цени (сојузен Уред за цени, референти за цени на сојузните производни министерства) спаѓа определуењето цени за следните производенија:

**I) Пољоделски произведенија:**

Сите пољоделски произведенија наведени во Решението за определуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42 под 1);

**II) Шумски произведенија:**

а) огревно и техничко дрво: сите произведенија наведени во Решението за определуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42, под II/а);

б) споредни шумски произведенија: танини, шишарки;

**III) Рударски произведенија:**

а) копови: сите врсти јаглењ, боксит, магнезит, азбест;

б) метални руди и

в) минерални уља и нивни деривати: сите произведенија наведени во Решението за определуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42, под III б) и в);

**IV) Индустријски производенија:**

а) прехранбени произведенија: сувомесната стока, преработки и конзерви месо, пекмез и мармелада;

б) анимални и вегетабилни мрснотии и

в) шеќер, скробови и нивни деривати: сите произведенија наведени во Решението за определуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42 под V б и в);

г) произведенија на индустријата на вриење: шпиритус;

д) текстилни произведенија: суровини: волна, коноп, бубакј, лен, вештачка свила, вештачки бубакј и вештачка волна;

преработки: сите врсти на прегја од горе побоените суровини, сите врсти ткаенини од горе назначени прегји, сите врсти конци, коноп и јажиња, филцови, санитетски текстилни материјал, сите врсти вата, текстилни погонски ремења и црева, вателин;

гј) железо и негови изработки: железо сурово: а) сиво и бело, б) инготи и платини, железо шипкасто и обрачно на сите врсти димензии, железо профилисано на сите врсти и димензии, шајчина за кондури и клинци за потковуење стока, целокупни колосечни материјал и добпини, железна ламарина црна, поцинкуена и бела, челик во иигот, платина, ламарина и профилин од сите врсти и димензии, како и тел, осли за кола од сите врсти, клинци на сите врсти и димензии, потковици, штоли и грифови за потковици, жици од сите врсти, заковици, наврткн и бурми за железо и дрво од сите врсти, садови од сите врсти и димензии;

е) метали и нивни изработки: бакар; (блокови, ламарини, шипки, цевки, жици, заковици и шајбни), месинг (блокови, ламарина, шипки, цевки, жици, заковици) бронза (блокови и шипки), алуминијум (блокови, ламарина, шипки, цевки, жици, заковици и негови легури), легури (фосфорбакар, манганбакар и силицујумбакар) олово, (блокови меки и тврди, ламарина, цеви и жици) цинк (блокови, сурови и чисти, блокови легирани), антимон во полуги, никл (анодни, ламарина и шипки), манган во полуги, молибден во полуги, хром во полуги, калај чист и мешан-тинол, композиција (лагер метал), електроди од сите врсти, жива;

ж) електротехнички материјал: електромотори со прибор, генератори со прибор, исправљачи со прибор, сите спроводници и разводни урегјај за висок и низок напон, апарати за мерење изузимајки електрични часовници, електрични сијалици, сигнални постројенија, радиоемисиони и пријемни уригјаји, акумулатори и батерие, изолатори и изолацион материјал;

з) технички материјал: цевки гасни и водоводни, црни и поцинковани, водогрејни со шаф и без шаф, за дупење на бунари и теглење на метал, ламаринени и керамични за канализација, санитарни објекти изработени од ламаринено железо и порцелан;

и) градежни материјал: вар, шамотно брашно, гинс, цемент, покривна артија;

ј) хемиски произведенија: анилински боји, уљани боји, лакови, вештачки гјубрила, горка сол, зелена галица, каустичка сода, амонијачна сода, нафталин, парадилхлорбензол, модер камен и други средства за заштита на билки, кјукјурен цвет, сапун (за перење алишта, за бричење, тоалетен и за деца), сапунен прашок, калциумекарбид, сумпорна киселина и сиге анoргански киселини, олеум, суровини за експлозиви, поташа, минерални и штавне материи, калиумов мазив сапун, глицерин, туткал, желатин, уље за дупење и ладење, товотна маст, сулфирано уље;

к) преработени кожи и гума и изработки од нив: преработени кожи (сите врсти горни и долни кожи, сета техничка кожа, вештачки кожи изузимајки кожи од зверки и рептили), облекло (палта и алишта), обукја во целост или частично од кожа, сурова гума, лепила на база од сурова гума, гумени корита, пенциња од гуме, гуми за разни возила и внатрешни надворешни од сите врсти и димензији, техничка гума (цревa, плочи, ваљци и т. н.);

л) стакло: рамно стакло за пенцериња, армирано стакло, обично шупливо стакло;

љј) артија: сите врсти артија и љепенки (картони);

м) отпатци: стара артија, кршено стакло, старо железо и стари метали, текстилни отпатци, каски, стара гума, отпатци од кожа.

2) Во надлежност на Земските органи за одредуење цени (Земски уреди за цени, референти за цени на зимските производни министерства) спагја одредуење на цени за сите останали произведенија по име наведени во Решението за одредуење предмети чии цени се нормирани („Службен лист" бр. 42) ако несе обванати со точ. 1 на овоа Решение.

3) Контрола на печалбата при сите предмети кои подлежуат на таква форма на одредуење цени спагја во надлежност на земските Уреди за цени.

4) Сојузното Министерство на финансиите во согласност со сојузниот Уред за цени ке одредуе цени на монополските артикли.

5) Цените на лекови и фармацеутски препарати ке ги одредуе сојузното Министерство на народното здравје.

Цените на ветеринарски серуми и вируси ке ги одредуе сојузниот Уред за цени на предлог на сојузното Министерство за пољоделие.

6) Сојузниот Уред за цени на предлог на сојузното Министерство за трговија и снабдуење ке дава напатствија за определуење цени во трговија и на големо и малку.

7) Сојузниот Уред за цени на предлог на сојузното Министерство за трговија и снабдуење — Управа за надворешна трговија — ке одредуе цени за увозни артикли, како и цени на артикли намѐнети за извоз.

8) Сојузниот Уред за цени ке дава напатствија за определуење цени на услуги како и на врсти на тарифа за електрична енергија и плин.

9) Сојузниот Уред за цени во согласност со Комисијата за политика на цени и надници може извесни предмети, односно претпријатија да ги стави под надлежност на земски органи исклучуејки ги од надлежноста на сојузните органи за определуење цени.

10) Сојузниот Уред за цени, во согласност со Комисијата за политика на цени и надници — може да превземе сите потребни мерки да постапката кај определуење цени не ја успорує дистрибуцијата.

Бр. 1495
27 октомври 1945 година
Београд

Претседател на Стопанскиот совет,
**А. Хебранг**, с. р.

## 805.

Во цел на нормализуење работата во секторот на осигуруење доносуам:

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПОВРАКЈАЊЕ ПОРТФЕЉИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ РАБОТЕЛЕ ДО 6 АПРИЛ 1941 ГОДИНА

Осигурителните претпријатија кои до 6 април 1941 година работеле во Југославија уз дозвола за работа по Уредбата за надзор над осигурителните претпријатија а на кои е делот на портфељот или целиот портфељ со договор или без договор земен од окупаторските осигурителни претпријатија, или кои во врска со окуацијата го пренеле својот портфељ или неговиот дел на друго осигурително претпријатие кое имало дозвола за работа во Југославија, ке постапи поради повракјањето тие портфељи односно деловите на портфељи на следниот начин:

I. Ако портфељот или делот на портфељот е земен без договор:

а) кај осигуруењата по кои веднага по окупацијата, за време окупацијата или по ослободуењето се престанало со вршење служба:

1) својот портфељ на животни осигуруења должно е осигурателното претпријатие, на кое портфељот или неговиот дел е земен односно кое во врска со окупацијата го пренело својот портфељ или неговиот дел (понатака во текстот: матично осигурително претпријатие), во што покус рок назад да го превземе и това без никакви ограничуења. Оно ке изврши наплатуење премии (штедни) од денот до

кој премиите биле платени на осигурителното претпријатие кое е одзело односно во врска со окупацијата го превзело портфељот на осигуруењето или неговиот дел (понатака во текстот: окупаторското осигурително претпријатие) односно, ако премиите во опште не биле платени на окупаторското осигурително претпријатие од денот кога окупаторското осигурително претпријатие го превзело портфељот, односно од денот до кој на матичното осигурително претпријатие биле платени премиите. При това има да се постапи по Напаствието за применуење на работите на осигуруење на Законот за курсевите за повлечуење окупациските новчаници и за регулирање задолженијата VII бр. 2370 од 29 мај 1945 година и по објаснуењата издадени од Министерството за финансии на сојузната влада под VII број 3335 од 28 јуни 1945 година.

Во колку това осигураникот (договорач на осигуруењето) сака, матичното осигурително претпријатие може, место плакјање премија (штедна) за поминалото време, да уговори со осигураникот (договорујачот на осигуруењето) и променуење на трајањето на осигуруењето (помак на терминот).

Прашањето на премии кои странката ги уплатила на окупаторското осигурително претпријатие, а кои овоа ги однесел, ке се реши дополнително. За това има во полицата да се внесе соодветна клаузула.

Ако това осигураникот (договорујачот на осигуруењето) нарочно сака, матичното осигурително претпријатие може, и во случај премиите да ги плакјал на окупаторското осигурително претпријатие, да постапи како во опште службата во дотичното осигуруење не била вршена во течение на окупацијата; во оваков случај мора во полицата да се внесе посебна клаузула да на осигураникот (договорујачот на осигуруењето) во потполност ке се признаат износите кои од окупаторските осигурителни претпријатија или од односната победена земја ке се добијат како проти вредност на премии уплатени во течение на окупацијата од страна на дотичниот осигураник (договорујачот на осигуруењето).

Ликвидација по осигуруењата под Iа (1) ке се врши на следниот начин: од денот превзимањето на портфељот матичното осигурително претпријатие, кај оние осигуруења каде со уплата на премии е воспоставен континуитет на осигуруењето, ке ги ликвидира штетите во смисал на Напатствието за применуење на работите за осигуруењето на Законот за курсеви за повлечуење окупациските новчаници и за регулирање задолженијата VII бр. 2370 од 29 мај 1945 година и објаснуењата издадени од Министерството за финансии на сојузната влада под VII бр. 3335 од 28 јуни 1945 година. Истото важи и за случај да е извршено променуење на трајањето на осигуруењето (помак на терминот). Во останали случаи ликвидацијата ке се врши во исти смисал, а според покрикјето.

2) Портфељот на елементарни осигуруења може матичното осигурително претпријатие назад да го превземе, применуејки при това принципот да се почеткот на носењето ризици поклопуе со денот на уплатуењето премии од страна на осигураникот.

На подручјето на кое важат прописите на Законот за договор на осигуруење од 1917 година, матичното осигурително претпријатие почнуе да носи ризик од денот кога дотичното осигуруење го превземе назад.

б) Кај осигуруења по кои се врши служба за портфељот на животни и елементарни осигуруења, матично осигурително претпријатие има да бара повракјање на оноа претпријатие кое таа служба ја врши, непосредно или преку присилна управа. Воколку не би могло това споразумно да се постигне а има законски возможности да се преку суд бара тоа повракјање, матичното осигурително претпријатие ке ги превземе сите потребни работи кај судот.

II. Ако портфељот или делот на портфељот е уступен со договор:

Во оваков случај матичното осигурително претпријатие има назад да го превземе предадениот портфељ во смисол на договорот, и това во што покус рок.

Воколку извршуењето на тој договор не би могло споразумно да се постигне, дотичното матично осигурително претпријатие ке бара повракјање по судски пат.

За оние премии или резерви кои окупаторските осигурителни претпријатија ги однеле од земјата а матичните осигурителни претпријатија не би могле да ги добијат назад, матичните осигурителни претпријатија ке састават списоци и ке ги предадат во најкус рок на Министерството за финансии на сојузната влада.

VII бр. 8391
25 октомври 1945 година.
